РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2150/2
10-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, на продолжението на 51-та седница одржана на ден 01.09.2021 година донесе

## Одлука

Пријавата за корупција бр. 12-2150/1 од 08.06.2021 година од страна на познат подносител- --------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за надлежно постапување, во предметот со број 12-2150 од 2021 година оформен врз основа на пријавата – Приговор со бр. 12- 2150/1 од 08.06.2021 година.

Предметот со број 12-2150 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-2150 од 2021 година е оформен врз основа на пријава - Приговор со бр. 12-2150/1 од 08.06.2021 година, од познат подносител - ------------------ со живеалиште во Општина -------------, и истата е доставена преку Архивата на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во пријавата пријавителот укажува на личен проблем во врска со неговата лична трансакциска сметка за која како што наведува во пријавата, истата му е блокирана веќе 25 години заради долг по предмет со број И.бр. ------ од 2001 година. Исто така, пријавителот наведува и дека како поранешен корисник на социјална парична помош, а сега и актуелен корисник на старосна пензија, заради блокираната трансакциска сметка не е во можност да пристапи и ги користи средствата кои секој месец редовно му се уплаќаат.

Од доказите кои пријавителот ги доставил во прилог на пријавата може да се увиди дека истиот со Потврда за одобрување на секундарна правна помош, издадена од Министерството за правда – Подрачно одделение ---------, обезбедил право на секундарна правна помош за застапување во постапката пред надлежната банка за одблокирање на неговата лична трансакциска сметка како би му се овозможиле услови за прием на средствата за социјална

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

помош, надоместокот за електрична енергија кој законски му следува да го користи, а која е блокирана по предмет со бр. И.бр.----- од 2001 година.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата, од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметната пријава утврди дека истата не содржи елементи на надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК